Анализа на јавното мислење бр.04/2020

-

# Што сега? Неизвесноста на пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ во 2019 година

Автори: Иван Николовски и Мари Јеленка Кирхнер

-

февруари 2020



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје*

# Импресум

**Наслов:** Што сега? Неизвесноста на пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ во 2019 година

**Изадавач**: Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автори**: Иван Николовски и Мари Јеленка Кирхнер

**Превод и лектура:** Јана Димитровска

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

# Вовед

Од 2016-та година, Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) спроведува репрезентативна анкета на јавното мислење на национално ниво во соработка со канцеларијата на Фондацијата Конрад Аденауер во Северна Македонија за прашања од значење за евроинтегративниот процес на земјата. Додека одредени прашања се останати исти низ годините, други беа приспособени согласно специфичните настани од односната година. На тој начин, со истражувањето се овозможува и споредбена анализа на трендовите и промените во јавното мислење, истовремено фрлајќи светло на општиот став за релевантните краткорочни политички случувања. Прашањата во овогодинешното издание се сосредоточени во поголем детаљ на недонесувањето одлука во Европскиот совет за отворање на пристапните преговори. За уште подетален увид, во анализата се применува вкрстено табелирање за 1) политичка ориентација/ политичка припадност и 2) етничка припадност. Со ова се овозможува исцртување јасна линија помеѓу различните политички и етнички групи во земјата, нудејќи увид во степенот на политизација кај општата јавност.

Анализата на јавното мислење во 2019-тата година беше спроведена помеѓу 16.11.2019 и 01.12.2019 година врз репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

# За истражувањето

Во поглед на евроинтеграциите, 2019-тата беше година исполнета со многу настани за Северна Македонија. Годината беше истовремено оптимистична и разочарувачка за аспирациите на земјата за членство во ЕУ. На почетокот од 2019 година, властите на Северна Македонија и Грција, и покрај контроверзиите во обете земји, го ратификуваа Преспанскиот договор, конечно ставајќи му крај на долгогодишниот спор за името и отворајќи ги портите за македонски преговори за членство во ЕУ и НАТО, или барем ветувањето беше такво. Договорот беше сесрдно добредојден од Европската комисија која цело време инсистираше на подготвеноста на Северна Македонија за отворање на првото поглавје од пристапните преговори. Француските национални интереси, та следствено и ветото за отпочнување преговори со Северна Македонија во Европскиот совет, ги нарушија плановите на Комисијата и му наштетија на кредибилитетот на ЕУ во македонската јавност и на довербата во сопствената влада. Не за чудење што резултатите од Анализата на јавното мислење за 2019 година на ИДСЦС покажуваат трендови на понатамошен раст на поларизираноста на чувствата за европската иднина на Северна Македонија. На крајот од 2019-тата година, Северна Македонија повторно се соочува со неизвесна домашна и европска иднина, подготвувајќи се за предвремени избори на пролет, 2020 година.

# Општи трендови

Во анализата на јавното мислење за 2019 година се истакнуваат два тренда, едниот од нив се однесува на ставот кон изгледите за членство во ЕУ, а другиот за чувствата кон Русија како потенцијален сојузник на земјата.
Како што ќе покаже графичкиот приказ бр. 4, испитаниците подеднакво ја ценат Европската унија како странски фактор со значително влијание (во споредба со минатата година се бележи дури и пораст од 10%) и, како што откриваат графичките прикази бр. 5 и 6, гледаат во неа голем сојузник и, со голема предност, најважниот донатор. Сепак, во резултатите во графичкиот приказ бр.1 јасно е воочливо одвраќање како резултат на негативниот исход во Европскиот совет: Прашани за можноста за навремено отпочнување пристапни преговори, најголемиот дел одговори прикажуваат мрачна слика.  Барајќи одговори зошто дојде до ваква одлука, Франција стои во центарот на вниманието, но не сосема сама - испитаниците ги повикуваат сите чинители понудени во анкетата да понесат одговорност, сепак со јасни партиски тенденции: електоратот на ВМРО-ДПМНЕ за виновник ја смета перципираната неспособност на владата на СДСМ да ги исполни барањата на ЕУ, директно критикувајќи го пристапот на Владата кон евроинтеграциите. Електоратот на СДСМ е помалку строг кон својата влада.

Исто така, главно електоратот на ВМРО-ДПМНЕ е тој кој се врти кон Истокот.

По опаднатиот интерес во минатото издание, се чини Русија е назад во игра со што е повторно посилно перципирана како силен сојузник, за првпат после долго време дури и од страна на сè поголема група етнички Албанци. Додека поддршката за Русија сè уште останува далеку под степенот на одобрување на Европската унија или перципираната поддршка добиена од САД, имањето добра четвртина од испитаниците кои го сметаат членството во Евроазиската унија како изводлива алтернатива за членството во ЕУ треба да испрати силен сигнал во Брисел (или Париз, кога сме на темата). Покрај тоа, негласачите тежнеат кон покажување дури и посилни симпатии кон Русија сугерирајќи политизирање и силни политички чувства надвор од традиционалните партиски структури.

Подеднакво интересна е разновидноста кај албанскиот електорат. Додека јавните анализи со години наназад вообичаено укажуваа на јасни разлики помеѓу партиските и етничките линии, овогодинешното издание покажува послични трендови меѓу владејачките (СДСМ и ДУИ) наспроти опозициските партии (ВМРО-ДПМНЕ и другите албански партии), подвлекувајќи го растечкиот степен на политизација во споредба со на пр. етничките тензии.

# 1. Тргната настрана на неодредено време?

Започнувајќи со неизвесноста за понатамошниот развој на пристапниот напредок на Северна Македонија, во изданието за јавното мислење за 2019 година испитаниците беа прашани дали очекуваат датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ во 2020 година. Мнозинството (57,8%)

**Граф. приказ 1.** **Дали сметате дека Северна Македонија ќе добие датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ следната година (2020)?**



не верува дека ова би било случај, додека една третина (31,9%) остануваат оптимисти дека ова би можело да се случи. Ова дефинитивно претставува пресврт споредено со 2018 година, кога половина од испитаниците го изразија своето верување дека Северна Македонија ќе стане земја членка на ЕУ во текот на следните 5 години и јасен одговор на разочарувањето искусено во 2019-тата година со одложувањето на одлуката за отворање пристапни преговори во Европскиот совет и покрај промената на името и постојаното уверување од Европската комисија.

**Граф. приказ 1.1.** **Дали сметате дека Северна Македонија ќе добие датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ следната година (2020)? (по етничка припадност)**



Кај етничките Македонци неверувањето е дури и повисоко со 60,2%, но сепак етничките Албанци покажуваат само незначително поголем оптимизам отколку етничките Македонци и, наспроти тоа, повеќето од оваа група остануваат неодлучни. Партиската припадност, од друга страна, влијае за значајни разлики во ставовите.

**Граф. приказ 1.2.** **Дали сметате дека Северна Македонија ќе добие датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ следната година (2020)? (по партиска припадност, ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)**



**Граф. приказ 1.3.** **Дали сметате дека Северна Македонија ќе добие датум за почеток на пристапните преговори со ЕУ следната година (2020)? (по партиска припадност, за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)**




Симпатизерите на СДСМ силно веруваат во навременото отворање на пристапните преговори со фиксен датум во 2020 година (71,6%), додека електоратот на ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа дури недвосмислено на другата страна: 82,7% од оваа група не сметаат дека Северна Македонија ќе добие датум за почеток на пристапните преговори во 2020 година. Во поглед на овој став, друштво им прават и негласачите. Албанскиот електорат е помалку поларизиран по ова прашање: Додека гласачите на ДУИ се подеднакво

поделени меѓу „Да“ и „Не“, електоратот на другите албански партии повеќе се приклонува кон одговорот „не“, сепак помалку изразено за разлика од електоратот на ВМРО-ДПМНЕ или негласачите. Електоратот на ДУИ исто така е и најмалку одлучен која страна да ја заземе, при што една петтина го избира одговорот „Не знам“ и со тоа севкупно земено претставува интересен случај: ДУИ е најдолгогодишниот коалициски партнер во Северна Македонија, придружувајќи се на тимот на двете страни од политичкиот спектар. Во најскорешната влада, политичарот од ДУИ, Бујар Османи, беше заменик претседател на Владата за европски прашања и, како таков, одговорен за европскиот реформски процес. И покрај тоа што оваа клучна фигура во евроинтеграцискиот процес доаѓаше од нивниот сопствен табор, ДУИ навидум не е во можност да го убеди сопствениот електорат во оптимистичките европски перспективи на Северна Македонија.

## 2. Ти си, јас сум, сите сме криви. Фактори за негативниот исход во Европскиот совет

Со цел понатаму да се истражи зошто испитаниците се приклонуваат кон едната или другата страна, учесниците во анкетата беа замолени да го дадат своето мислење за различни фактори кои беа истакнати од различни актери како причини зошто пристапниот процес на Северна Македонија не напредува кон почеток на преговорите. Испитаниците можеа да одберат помеѓу 1) Целосно се согласувам, 2) Донекаде се согласувам, 3) Ниту се согласувам, ниту не се согласувам, 4) Донекаде не се согласувам, и 5) Воопшто не се согласувам. Со цел подобра читливост, 1) и 2) се групирани под „Се согласувам“, а 4) и 5) се групирани под „Не се согласувам“.

## СТАВОТ НА ФРАНЦИЈА

**Граф. приказ 2.** Ставот на Франција е главната причина




Испитаниците се согласуваат за сите три фактори со големо мнозинство. 62,1% ја гледаат главната блокада во Франција, 74,6% ги истакнуваат недоволните домашни реформи кои како такви придонесуваат кон неисполнување на политиката на условеност на ЕУ, а 62,4% исто така ја сметаат потребата од внатрешни реформи во ЕУ како пресуден фактор.

**Граф. приказ 2.1.** Ставот на Франција е главната причина (етничка припадност)



Етничките Албанци се построги кон Франција отколку етничките Македонци: 76,6% го сметаат „не-то“ на Макрон како пресуден фактор, а само 10,1% не се согласуваат со ова, споредено со 57,4% од согласните етнички Македонци и 28,6% од несогласните.

**Граф. приказ 2.2** **Ставот на Франција е главната причина (ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)**



**Граф. приказ 2.3.** Ставот на Франција е главната причина (за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)




Мислењата кај различните гласачки тела се урамнотежени со исклучок на ВМРО-ДПМНЕ и негласачите: тука, резултатите се балансираат помеѓу согласување и несогласување.

## ДОМАШНИ РЕФОРМИ

**Граф. приказ 3.** **Неисполнување на условите поврзани со домашните реформи**




Интересно, но не и неизненадувачки, партиската припадност е многу важна во поглед на вториот фактор, односно несообразноста на Владата со политиката на условеност на ЕУ и нејзината способност за спроведување на домашни реформи.

**Граф. приказ 3.1.** **Неисполнување на условите поврзани со домашните реформи (етничка припадност)**



**Граф. приказ 3.2.** **Неисполнување на условите поврзани со домашните реформи (ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)**




**Граф. приказ 3.3.** **Неисполнување на домашните реформи (за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)**



Само кај гласачкото тело на СДСМ, по кое следи електоратот на ДУИ, гласачи на партиите во власта, најмалку една четвртина (ДУИ) или дури и третина (СДСМ) не се согласуваат дека ова е пресуден фактор. 49,6% од симпатизерите на СДСМ и 55,8% од симпатизерите на ДУИ ја повикуваат Владата да сноси одговорност, што е значително помалку од симпатизерите на другите партии кои, преку овој одговор, директно ја критикуваат Владата. Особено симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ ја наоѓаат вината кај македонската Влада. 90,6% се согласуваат со овој фактор. Етничката припадност, од друга страна, не игра голема улога по ова прашање.

## РЕФОРМИ ВО ЕУ

**Граф. приказ 4.** **Потреба од внатрешни реформи во ЕУ**



**Граф. приказ 4.1.** Потреба од внатрешни реформи во ЕУ (етничка припадност)




**Граф. приказ 4.2.** Ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?



**Граф. приказ 4.3.** Потреба од внатрешни реформи во ЕУ (за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)




Додека гласачкото тело на СДСМ повеќе се колеба кога станува збор за повикување на својата влада на одговорност, оваа група е посамоуверена и го гледа главниот проблем во потребата од внатрешни реформи во ЕУ: 74,4% од симпатизерите на СДСМ го делат ова мислење. Гласачкото тело на ВМРО-ДПМНЕ е помалку веројатно да ја искористи ЕУ како жртвено јагне: 51,9% би се согласиле со потребата од реформирање на ЕУ како фактор, сепак добра третина не се согласува со ова, слично како кај електоратот на другите албански партии и негласачите. Гласачкото тело на сите албански партии е најмалку одлучно по ова прашање: една петтина ниту се согласува ниту не се согласува, што исто така се одразува кај петина од етничките Албанци кои се неодлучни. Освен тоа, етничката припадност повторно не е релевантна варијабила од која би одразиле овие резултати. Наместо тоа, политичката ориентираност на испитаниците јасно ги одразува различните чувства кај општата јавност.

# 3. Флертување со Истокот. Евроазиската унија како потенцијална алтернатива за членството во ЕУ

–

2019-тата година повторно беше карактеризирана со деprimирачки удар за аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ, но сепак, мнозинството од испитаниците сѐ уште не се ориентираат кон алтернативата на Истокот, Евроазиската унија. Формализирана во 2015-тата година, Евроазиската економска унија може да се смета како источноевропски, постсоветски пандан на Европската унија, која исто така беше сесрдна во посакувањето добредојде на држави од регионот чиишто напори за пристапување кон ЕУ не биле успешни[1]. Евроазиската унија, каде што Претседателот на Русија, Владимир Путин, општо се смета како сива еминенција, исто така покажа амбиции уште на самиот почеток да се приближи кон Западниот Балкан при што Србија, како прва земја од регионот, потпиша договор за слободна трговија со Евроазиската унија во октомври и покрај противењето на Брисел.[2] Оваа контроверзна зделка беше договорена кусо по негативниот исход во Европскиот совет за Северна Македонија и Албанија истиот месец. Под овие околности, имањето една четвртина од испитаниците (25,8%) кои го земаат предвид членството во Евроазиската унија наместо во Европската унија треба да испрати силен сигнал до носителите на одлуки во Европската унија дека во моменти на расклатен кредибилитет, Македонците имаат отворено четири очи за План Б.

---

[1] Sean P. Roberts & Arkady Moshes (2016) The Eurasian Economic Union: a case of reproductive integration? [Евроазиската економска унија: случај на репродуктивна интеграција], Post-Soviet Affairs, 32:6, 542-565, DOI: 10.1080/1060586X.2015.1115198

[2] Milica Stojanovic: Serbia signs Trade Deal with Russia's Eurasian Union [Србија потпишува Договор за трговија со Евроазиската унија на Русија]. BIRN, 25.10.2019. https://balkaninsight.com/2019/10/25/serbia-signs-trade-deal-with-russias-eurasian-union/26, 2018).

**Граф. приказ 5.** **Дали сметате дека членството на Северна Македонија во ЕАУ претставува алтернатива за членството во ЕУ?**




Особено гласачите на ВМРО-ДПМНЕ и негласачите се вртат против ЕУ во потрага по подобри алтернативи. Од друга страна, етничките Албанци насоката на своите интеграции сè уште јасно ја дефинираат кон Запад, а исто така и гласачкото тело на СДСМ, кое не ја гледа Евроазиската унија како изводлива алтернатива за Европската унија.

**Граф. приказ 5.1.** **Дали сметате дека членството на Северна Македонија во ЕАУ претставува алтернатива за членството во ЕУ? (етничка припадност)**



**Граф. приказ 5.2.** Дали сметате дека членството на Северна Македонија во ЕАУ претставува алтернатива за членството во ЕУ? (ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)




**Граф. приказ 5.3.** Дали сметате дека членството на Северна Македонија во ЕАУ претставува алтернатива за членството во ЕУ? (за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)



# 4. Спорна територија? Влијанието на странскиот фактор во Северна Македонија

–

Во поглед на странските фактори кои имаат влијание врз креирањето политики во Северна Македонија, истражувањето поставува прашање за највлијателниот странски фактор, најголемиот сојузник и најголемиот донатор во земјата.  Кога станува збор за најголемо влијание на странски фактор во земјата, ЕУ и САД стојат рамо до рамо, при што 44,8% од испитаниците ја гледаат ЕУ како највлијателна, а 41% ја припишуваат оваа улога на САД. Исто така, во збирот податоци земена предвид е и Русија која се смета како највлијателен фактор од 6,1% од испитаниците. Додека влијанието на Русија може да се чини дека не се смета како значајно од страна на широкото мнозинство испитаници, ваквата перцепција кај испитаниците сепак бележи раст од речиси 3% споредено со анализата спроведена минатата година, сигнализирајќи растечко значење на Русија како странски фактор во Северна Македонија. Покрај тоа, споредено со минатата година, мнозинствата на првите места се имаат сменето: Во 2019-тата година, САД се уште се сметаат како највлијателен фактор од 49% од испитаниците. ЕУ добива речиси 10% поголема доверба во поглед на нејзиното влијание

**Граф. приказ 6.** **Според Вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Северна Македонија?**



Ова е тренд кој се забележува од 2017-тата година кај етничките Албанци кои, повторно, сметаат дека ЕУ е повлијателна со значителна разлика пред САД. Сепак, етничките Македонци го прекинуваат трендот од претходните години: ЕУ (42,5%) и САД (43%) се борат рамо до рамо. Обете групи ја гледаат Русија како малку повлијателна, при што малку повеќе етничките Македонци ѝ придодаваат поголема улога на влијание на Русија.

**Граф. приказ 6.1.** **Според Вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Северна Македонија? (етничка припадност)**




Што се однесува до ставовите на гласачите, симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ јасно го искажуваат своето мислење во полза на САД како највлијателен странски фактор (50% за САД наспроти 31,1% за ЕУ), додека приврзаниците на СДСМ покажуваат јасен став во полза на ЕУ (57,3% за ЕУ наспроти 29,2% за САД). Симпатизерите на ДУИ одлучуваат слично како гласачкото тело на СДСМ по ова прашање, иако со малку потесна разлика (51,5% за ЕУ наспроти 35% за САД), додека електоратот на другите албански партии не покажува некоја посебна склоност: и САД и ЕУ се некаде на исто рамниште со околу 47%.  Испитаниците кои не зеле учество или не планираат да земат учество на претстојните избори покажуваат слична тенденција како гласачкото тело на ВМРО-ДПМНЕ. Споредувајќи ги овие резултати со претходните години се заклучува дека симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ најмалку отстапиле од својата претходна позиција. И

претходната година САД предводеле со 51,6% по што следела ЕУ (35,3%) и Русија (7,6%). Приврзаниците на СДСМ и ДУИ, од друга страна, го промениле мислењето во полза на ЕУ. Додека САД уживале 46,7% кај симпатизерите на СДСМ и 50% кај симпатизерите на ДУИ во 2018-та година, овие бројки се намалиле на 29,2% (СДСМ) и 35% (ДУИ) во 2019-тата година. Перципираното влијание на ЕУ бележи пораст од 40,7% (СДСМ) и 38,5% (ДУИ) на 57,3% (СДСМ) и 51,5% (ДУИ) соодветно.

**Граф. приказ 6.2.** **Според Вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Северна Македонија? (ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)**




**Граф. приказ 6.3.** **Според Вас, кој странски фактор има најголемо влијание во Северна Македонија? (за која политичка партија гласавте на претходните парламентарни избори?)**



# 5. Имаме верба во ЕУ: Најдобриот сојузник на Северна Македонија –

Во изданието од 2018-та година на ова истражување, влијанието на странскиот фактор и најголемиот сојузник, што е многу интересно, не беа усогласени.

Додека САД се сметаа за повлијателни, ЕУ се сметаше за најголем сојузник со водство од 18,3%. Сега, обата графикони покажуваат слични трендови а, истовремено, јазот помеѓу ЕУ и САД како најголем сојузник се зголемува уште повеќе (43,2% за ЕУ наспроти 16,3% за САД). Покрај тоа, Русија ги претекнува САД: 20% од испитаниците (што, сепак, е истиот процент како и претходната година и помалку од 2016-тата година) сметаат дека Русија е најголем сојузник на земјата.

**Граф. приказ 7.** **Според Вас, кој би бил најголем сојузник на Северна Македонија?**



Разгледувањето на етничката припадност открива дека испитаниците - етнички Македонци (24,8%) многу повеќе сметаат дека Русија е најголемиот сојузник споредено со испитаниците - етнички Албанци (5,6%). Додека графичкиот приказ за етничките Македонци ги одразува резултатите од 2018-тата година иако со мали промени во процентите, мнозинствата кај етничките Албанци се имаат драстично променето. Само 22,3% од оваа група продолжуваат да веруваат дека САД е најголем сојузник, а споредено со претходната анкета на мислењето ова претставува пад од речиси 20%. Најголемиот дел од оваа група наместо тоа се има свртено кон ЕУ, за која поддршката се има зголемено за 15%. Интересно е што Русија ужива (за првпат толку изразена) поддршка од 5,7% од група етнички Албанци.

**Граф. приказ 7.1.** **Според Вас, кој би бил најголем сојузник на Северна Македонија? (етничка припадност)**



Овој тренд исто така се одразува и кај гласачкото тело на албанските партии. Додека електоратот на ДУИ останува скептичен кон Русија, како што беше и случајот во претходните години, 11,7% од гласачкото тело на другите албански партии - кои претходните години беа исто толку колебливи кон Русија - сега се изјавува во полза на Русија. Негласачите уште повеќе се потпираат на Русија (21,8%), гласачкото тело на ВМРО-ДПМНЕ (39,1%) и поддржувачите на други, помали партии (51,3%). Ова секако мора да е поврзано со промената на името на земјата во 2019-тата година што отсекогаш наидуваше на силен отпор како компромис за влез во ЕУ од страна на електоратот на ВМРО-ДПМНЕ. Дури и пред Преспанскиот договор, а со него потоа и по влегувањето на сила на името Република Северна Македонија, руски функционери изразија своја поддршка за националниот суверенитет и самоопределба на македонската влада и народ[3], за разлика од ЕУ која сесрдно ја поздрави промената на името и набрзо потоа потфрли во испорачување на ветениот почеток на пристапните преговори. Ваквата перцепција на вредното сојузништво на Русија го одразува можното ориентирање на истата таа група кон Евроазиската унија.

Од другата страна на графиконот, гласачкото тело на СДСМ е многу јасно поблизу кон ЕУ (69,6%), како што е и електоратот на ДУИ (56,8%) и „другите албански партии“ (53,3%). Само гласачите на ДУИ, а во помала мера и електоратот на другите албански партии, сè уште сметаат дека САД е ценет партнер во значајни размери. Дури и ако соодносите малку се менуваат, мнозинствата во одговорите за сите прашања поврзани со надворешните фактори остануваат непроменети без разлика дали биле прашани за претходни или идни гласања.

---

[3] Со цел преглед на официјалната изјава на Министерството за надворешни работи за резултатот од референдумот за Преспанскиот договор, посетете: https://www.mid.ru/en/foreign_policy/news/-/asset_publisher/cKNonkJE02Bw/content/id/3363368, пристапено во февруари, 2020 година.

**Граф. приказ 7.2.** **Според Вас, кој би бил најголем сојузник на Северна Македонија? (ако утре се одржат парламентарни избори за која политичка партија ќе гласате?)**




**Граф. приказ 7.3.** **Според Вас, кој би бил најголем сојузник на Северна Македонија? (за која политичка партија гласавте?)**



# 6. Кој ги носи парите? Најголемиот донатор во Северна Македонија

Продолжувајќи го трендот од претходните години, ЕУ се смета за најголем донатор, сепак има малку изгубено на признание меѓу испитаниците од 47% во 2018-тата година на 44,8% во 2019-тата година. Соодносите на останатите странски донатори покажуваат бавен тренд на усогласување, при што САД бележи раст на 20,6% (15,1% во 2018-тата година), Русија бележи раст на 3,7%, Германија расте за 3% на вредност од 10,8%, а Турција останува стабилна. Бројот на испитаници без одговор паѓа за 6% на 12,2%.

**Граф. приказ 8.** **Кој е најголем донатор (дава најмногу пари) во Северна Македонија?**



# 7. Скапоцени евра: Препознавање на инвестициите од ЕУ

Последните прашања за испитаниците се однесуваат на износот пари доделен од Европската унија во Северна Македонија. Меѓу 2014-та и 2020-та година, ЕУ има избуџетирано 664,2 милиони евра за земјата кои треба да бидат инвестирани во различни приоритетни области низ различни региони во Северна Македонија. Тешко е ова да се подели во годишен износ распределен за земјата поради тоа што многу инвестиции се одвиваат во текот на повеќе години, но сепак, за целите на ова прашање, би можело да се тврди дека земјата прима во просек повеќе од >100 милиони евра годишно.

Високиот износ на инвестициите од Европската унија е препознаен од испитаниците, од кои една четвртина од нив го избраа највисокиот можен износ. Следејќи го трендот од минатата година, дури помалку испитаници одбираат „Не знам“ (или одбиваат да одговорат) како опција. Тригодишниот тренд укажува на тоа дека бројот на неопределени испитаници паднал за повеќе од 35% во споредба со резултатите претходно. Ова сугерира на тоа дека испитаниците се чувствуваат подобро информирани за активностите и инвестициите и, дотолку повеќе, се свесни за напорите на ЕУ во земјата. Повлекувајќи линија на дополнителното истражување на македонската тинк-тенк организација Центар за европски стратегии - ЕВРОТИНК, ценењето на инвестициите на ЕУ во земјата исто така е застапено и во анкетата за јавното мислење спроведена од Евробарометар со растечка согласност со тврдењето дека „Членството на Македонија во ЕУ би било корисна работа“ (споредено со „добра“ работа).[4]

[4] Евробарометар, есен 2019. Евротинк - Центар за европски стратегии

**Граф. приказ 9.** **Според Вас, колку пари годишно мислите дека ЕУ инвестира во Северна Македонија?**




# Заклучок

Немањето јасни, карактеристични резултати од оваа анализа е симптоматично за тековната состојба на ЕУ прашањата во Северна Македонија: Од една страна, препознавањето на ЕУ како донатор и партнер и понатаму бележи раст; од друга страна, пак, граѓаните се разочарани од изгледите за навремено членство во ЕУ и се чини дека тоа е сечија вина истовремено: Северна Македонија, поради тоа што не успева да се реформира; ЕУ, поради тоа што е зафатена со внатрешните борби и

Франција, поради тоа што Макрон е ликот заслужен за одлучното „не“ во Европскиот совет.

Секако е важно да се напомене дека испитаниците стануваат сè посвесни за сумите кои ги инвестира ЕУ во земјата, што исто така се одразува и во поголемите стапки на перципирањето на ЕУ како најголем сојузник и како највлијателен странски фактор. Истовремено, ЕУ без сомнеж губи кредибилитет со секоја година.

Иднината на Северна Македонија е непредвидлива во овој момент и, со ослабнатата надеж во ЕУ како спасител, одделни делови од општеството флертуваат со алтернативни идеи. Не претставува нова појава што гласачкото тело на партијата ВМРО-ДПМНЕ е повеќе приближено кон руското партнерство споредено со другите групи во земјава. Сепак, оваа година, ова издание беше првото издание во кое беше понудена Евроазиската унија како алтернатива за Европската унија на учесниците во оваа анкета, и фактот што една четвртина од испитаниците го сметаат ова како опција треба да ни ги отвори очите. Примерот на договорот на Србија за трговија со Евроазиската унија нѝ покажа дека ова би можело потенцијално да биде вистинскиот конкурент на ЕУ и не е сигурно дали ЕУ е свесна и подготвена за ова. Воочлив тренд исто така претставува зјапањето на ВМРО-ДПМНЕ во Русија: повпечатливо сепак се чини препознавањето на Русија како ценет партнер од страна на негласачите и растечката поддршка од етничките Албанци.

Сè на сè, анкетата на јавното мислење на ИДСЦС за 2019-тата година дава доказ за растечкото поларизирање и чувството на безизлез во контекст на евроинтеграциите на Северна Македонија што не треба да биде изненадување земајќи го предвид одењето напред-назад на сметка на Европската унија и ненаградувањето на извонредниот напор низ кој помина Владата за усогласување со интересите на сите вето играчи во Европскиот совет.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број/факс:
+389 2 321 70 75; +389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр./ факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторите

**Иван Николовски** е помлад истражувач во Центарот за европски интеграции во рамките на ИДСЦС. Николовски завршил магистерски студии во областа политички науки со специјализација во областа компаративна политика. Полиња од интерес за Николовски се поделени општества, европски интеграции и меѓународни работи.

**Мари Јеленка Кирхнер** е надворешна соработничка и вонредна истражувачка на Центарот за европски интеграции во рамките на ИДСЦС. Кирхнер има магистрирано централно и источноевропски студии на Јагелонскиот Универзитет во Краков. Таа е  основач на „European Thinkers' Lab". Нејзините истражувања се фокусираат на европеизацијата и европската надворешна политика, особено во поглед на проширувањето на ЕУ.

# Линк

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/што-сега-неизвесноста-на-пристапувањ

Анализа на јавното мислење
бр.04/2020

# Што сега? Неизвесноста на пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ во 2019 година

Автори: Иван Николовски и
Мари Јеленка Кирхнер

-

февруари 2020

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG